Географија VIII одд.

Тема: Географски преглед на регионот средна Европа

Наставна содржина:

ШВАЈЦАРИЈА



I **Географска местоположба на државата**:

- Го зафаќа југозападниот дел од регионот средна Европа

Север – Германија

Исток – Австрија

Југ – Италија

Запад – Франција

-Не излегува на море

-Швајцарија е Федерална Република составена од 26 кантони

-Само Швајцарија и Ватикан имаат квадратесто знаме.



површина: 41.285 $км^2$

# II Природно-географски карактеристики на државата

- Релјеф – составен е од 3 топографски целини: Швајцарски Алпи на југ, Швајцарско плато или централно плато и планините Јура на запад
- Клима – воглавно умерена, планинска и континентална.
- Хидрографија – реки: Рајна, Рона, Аре, Ројс, Линт и др., езера Боденско, Женевско,Циришко, Лугано, Лаго Маџоре и др.
- Планини – Пенински Алпи, Лепонтски Алпи, Бернски Алпи, Ретиски Алпи, Гларнски Алпи и др.












## III Демографски карактеристики на државата

- Населби – **Берн**, (швајцарскиот закон не го прогласува Берн за главен град – де јуре, но федералните и парламентарните власти се во Берн – де факто е главен град), Цирих, Женева, Базел, Луцерн, Сент Гален и др.
- Население – германци, французи, италијанци, ретороманци (француски, германски, италијански и ретороманскi се официјални јазици)







# IV Стопански карактеристики на државата

- Стопанство – **прехрамбена индустрија** (Nestle), **банкарство** (швајцарските банки важат за најбезбедни), мануфакторно производство – **часовници и воени ножиња** (Rolex, Tissot, Victorinox), во Женева е изграден најголемиот хадрон колајдер (ЦЕРН) и др.
- Туризам – на скоро сите швајцарски езера е развиен туризмот со сместувачки капацитети, на планините е развиен планинскиот и скијачкиот туризам, а имаат и доста фестивали и културни настани за домашни и странски туристи.







